**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-5707/2**

# З А П И С Н И К

**Од 99-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 29.10.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Гајур Рамадани,Ивана Трајковска, Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска,Златко Јанковски и Анита Латифи .

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички служби и администрација,Анета Андонова-Одговорен уредник на Прв програски сервис на МТВ, Мигена Горенца – Одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ,Виолета Димевска-раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ и Бојан Петровски-член на Надзорен одбор на МРТ.

Седницата започна во 13:45 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Членовите на Програмскиот Совет го разгледаа предложениот Дневен ред.
Членовите на Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвоија дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 98-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година.

3. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година:
   -програма за работа за 2020 година,
   -финансиски план за 2020 година.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 98-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 98-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 98-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 98-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година.
Виолета Димевска објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година без поголеми забелешки.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија со забелешка по однос на Извештајот да се наведуваат сите проекти со наслови како што беше порано а не вака во една ставка сите како што е наведено на страна 8 од извештајот.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2019-30.09.2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година:**
**-програма за работа за 2020 година,**
**-финанскиски план за 2020 година.**

На почетокот воведно излагање по оваа точка имаше претседателката Смилка Јанеска Саркањац со осврт на целиот документ и на законскиот рок во кој истата треба да е донесена и доставена до Собранието на РМ.
Анета Андонова главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ прва зема збор пред присутните и на почетоткот даде еден преглед на материјалот од програмата за работа за 2020 година притоа објаснувајќи дека програмата за 2020 година согласно законот беше објавена на веб страната и програмите на МРТ повеќе од 30 дена.
Потоа Анета Андонова се осврна и на новите наслови и емиии кои се планираат да се подготват и емитуваат во 2020 година на програмите на МТВ како и беше презентирана и дел од содржината на истите потенцирајќи дека во 2020 година ќе биде даден акцент на квалитетот на програмата и на квалитетот на содржините кој се планира да се емитуваат на

програмите на МТВ,но сепак повторно ќе бидеме се во зависност од финансиите кој ќе ги добиеме од Буџетот за 2020 година.
Анета во продолжение ги информираше членовите дека е добиена согласност од МИОА за ангажирање на хонорарни дописници,сниматели и други работници за новата дописничката мрежа која се планира да профункицонира.
Претседателката на советот запраша до кај е процедурата за профункционирањето на новите канали.
Директорот на заеднички функции и администрација Горан Атанасов одговори дека без одобрение од Министерството за информатичко општество и администрација на новиот Правилник за систематизација на работни места во МРТ не може да се мрдне од мртва точка,ниту да се избира нов уредник ниту други работи што следуваат согласно закон.
Мигена Горенца главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ ја образложи програмата на вториот сервис која е предвидена за 2020 година наслов по наслов,прецизирајќи кои наслови ќе бидат продолжени од 2019 година и во 2020 година,а кои се новини за 2020 година.Што се однесува до новиот 24-часовен канал на албански јазик кој се планира истакна дека за истиот е многу скептична затоа што програмта која е предвидена за истиот е само за на хартија,бидејќи за реализација на истата е потребно нови вработени нова техника и простор (студиа),само со носење на законот и инплементација на Правилникот за систематизација на работните места ќе се заврши само мал дел.

● Финансиски план за 2020 година.
Виолета Димевска раководител на одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ го објасни пред присутните Финансискиот план за 2020 година по кој се планира да се работи во годината која следува.Виолета Димевска објасни како е работен планот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги превидени се 0.9% каде во членот 45 е наведено дека за 2020 година за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РМ ќе се издвојуваат 0,9% односно Финансиски средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, се планираат во износ од 1.290.190.000 денари или 97,0% од вкупно планираниот приход за 2020 година.
Исто така во делот на Маркетингот се спомена дека очекуваните приходи од продажба на рекламен простор односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права,во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 30.000.000 денари и истите во вкупниотпланиран приход за 2020 година учествуваат со 2,2 %.
Членот на Надзорниот одбор на МРТ Бојан Петровски Димевска потесети дека истот предходно доби согласност и беше разгледан без поголеми забелешки и на седница на Надзорниот одбор на МРТ.
Членот на советот Снежана Клинчарова потенцираше дека со бројките изразени во Фиансискиот план за 2020,а во делот на Маркетингот многу се оптоваруваат вработените во Секторот за маркетинг,првенствено со недорченоста на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по однос на наплатата на рекламите и второ со тоа што за 2020 година како таргет за приходи од маркетинг е дадена бројка дупла од онаа што беше во минатата година.
Директорот на заеднички функции и администрација Горан Атанасов одговори дека за 2020 година се очекува дека конечно ќе имаме мерење на рејтингот,ќе имаме огромна спортска понуда која привлекува најмногу реклами за разлика од минатата година кога немавме скоро ништо и на крај се очекуваат и новите канали со своето профункционирање да овозможат нов простор за рекламирање.

Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија повторно нагласи дека треба оваа година планот за 24-часовната програма на МТВ2 да биде на насловната страна на Предлог програмата за работа на ЈРП МРТ за 2020 година.
На ова се надоврза и членот Гајур Рамадани кој истакна дека главен белег на оваа Предлог програма за работа за 2020 годиан треба да се новите програмски канали,поконкретно новиот 24-часовен канал на албански јазик,затоа и јас барам во начелото на Предлог програмата за работа на МРТ за 2020 годиа да биде наведена програмата за овој канал.
Членот Ристе Панов исто така се согласи да биде изменет предговорт во Програмата за разбота на МРТ за 2020 година со сите нови програмски канали кој беа донесени од Програмскиот совет на МРТ на предлог на Директорот на МРТ.
Предлогот за дополнување на текстот на Предговорот на Програмата за разбота на ЈРП МРТ за 2020 година беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година составена од Програма за работа за 2020 година и Финансиски план за 2020 година.

■**Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година составена од Програма за работа за 2020 година и Финансиски план за 2020 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**1** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година е **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По оваа точка беше доставена пристигнатата пошта до Програмскиот совет на МРТ за избрани програмски содржини од Комисијата за избор на програмски содржини од независни радио и телевизиски продуценти.
Заменик Претседателот на советот Ведат Мемедалија по оваа точка предложи Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот и Заменик на Директорот на МРТ да доставaт Информација во која ќе биде прецизирано за кои од програмските содржини наведени во Програмата за работа на МТВ2 има склучено Договор за копродукција,а за кои сеуште нема.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15:45 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател